**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1042. Одлука за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година --------------------------------------- 02
1043. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2025 година ------------------------------------------------------------------------------------------ 03

**26 декември 2024 година, Гевгелија** **Број 25** **Година XXXXIII**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр. 202/24 г.), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за пренамена**
**на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година**

Се објавува Одлуката за пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2024 година.

08-1629/2
26.12.2024 год
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандовс.р.**

**--------------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 година),("Службен весник на РСМ бр.151/21) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" број 25/06,08/10,18/14,13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на 55-та седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

***О Д Л У К А***
**за пренамена**
**на Буџетот на општина Гевгелија за 2024 година**
**Член 1**

***Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, кој е објавен во ("Службен гласник на Општина Гевгелија" број 17/23,9/24,14/24,21/24 и 23/24), и тоа во делот на основниот буџет-630,на следниот начин:***

Потпрограма и назив на потпрограмата
Потставка и опис на потставката Буџет Самофинанс. Дотации Донации Кредити

*1.Се врши пренамена-намалување, на следната потпрограма и расходна потставка на буџетот-основен буџет-630*
*-Е00-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА*
***401120-Основни плати-државни службеници-60 000***

*и се врши зголемување-се додава нова потставка,на следната потпрограма и расходна потставка на буџетот-основен буџет-630*
*-ЕА0-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА*
***483190-Купување на друг мебел 60 000***

***Член 2***
***Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник "на Општина Гевгелија и е составен дел на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година***

Бр.09-1592/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр. 202/24 г.), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2024 година.

08-1629/3
26.12.2024 год
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**---------------------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на РМ” бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на РСМ“ 151/21 и 87/22), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/2024) и член 38 став (1) точка 43, а во врска со точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2025 година, бр.09-1411/1 од 14.11.2024 година („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.21/2024), во член 2, точка 1, потточка 1.3. се брише.

**Член 2**

Во член 2, точка 1, потточка 1.4. станува потточка 1.3. и по зборот „крстосницата" се додава ознака за потпрограма „(ЈДМ)".

**Член 3**

Во член 2, точка 1, потточка 1.5. станува потточка 1.4. и по зборот „пруга" се додава ознака за потпрограма „(ЈДЕ)";

**Член 4**

Во член 2, точка 2 со потточка 2.1 се брише.

**Член 5**

Во член 2, точка 3 со потточка 3.1 се брише.

**Член 6**

Прилозите за секоја посебна потпрограма се заменуваат со нови Прилози.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1627/1
26.12.2024 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. „Димитар Влахов" бр. 4 Гевгелија***